3-О-444-002.02

# *ПОЛИТИКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА*

**А.Д. „Електрани на Македонија“ е компанија за производство и испорака на електрична и топлинска енергија, што во согласност со визијата за развој на компанијата, презеде обврска да ја спроведува и постојано да ја унапредува Политиката за управување безбедност и здравје при работа во согласност со стандардот OHSAS 18001: 2007**

Свесни за безбедноста и здравјето при работа, ние како раководен тим, заедно со сите вработени во А.Д. ЕЛЕМ како општествено одговорна компанија, ги објавуваме следните водечки принципи на Политиката за безбедност и здравје при работа:

- обезбедување рамка за идентификување на опасностите, проценка на ризик и контрола при работа;
- превземање сопствена одговорност при превенција на повреди и загрозување на здравјето при работа и постојано подобрување на OHSAS 18001: 2007 ефектот и системот за управување со безбедност и здравје при работа;
- извршување на своите активности во согласност со соодветните закони и прописи за безбедност и здравје при работа;
- дефинирање и спроведување сопствени правила кои не се предвидени со законските прописи но имаат цел да го унапредат системот за управување со безбедност и здравје при работа;
- поттикнување и едукација на вработените да дејствуваат превентивно и постојано да ги подобруваат безбедноста и здравјето при работа;
- обезбедување рамка за поставување и приспитување на целите за безбедност и здравје при работа;
- информирање на своите вработени, деловни партнери и другите заинтересирани страни за сопствената определба за безбедност и здравје при работа;
- индивидуална и колективна одговорност како основа при работењето;
- раководниот тим на А.Д. ЕЛЕМ е целосно одговорен за одржување и развој на системот за управување со безбедност и здравје при работа и негово постојано унапредување.

**Скопје, август 2017**

**претседател на Управен одбор**
**д-р Драган Миновски**